РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 62-167/1
23.06 20 25 год.
БИТОЛА

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ**

# З А П И С Н И К

од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор(Сл.весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор(Сл.весник на РСМ 238/19), на ден 23.06.2025 со почеток во 12:00 часот, во службените простории на Инспекциски совет, пред Комисија за полагање на практичен испит, формирана од Градоначалник на Општина Битола , се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Богданка Милошевиќ Мучева- Главен инспектор

- Сашо Илијовски – Советник комунален инспектор(ментор)

- Велимир Лозановски- Овластен градежен инспектор

- Претставник од Инспекциски совет, г-дин Ресул Шемо

Кандидат за полагање на практичен испит за Советник овластен инспектор за домување , Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина, Сектор општински инспекторат, е Горан Јошевски.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот и стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Горан Јошевски , со татково име Владо, изврши симулиран инспекциски надзор од областа на колективно домување, со примена на Законот за домување, со степен на сложеност соодветен на нивото

на кандидатот за инспектор, со планирање и подготовка на надзор, спроведување на инспекциски надзор и документирање на инспекциски надзор.

По презентирање на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

-планирање и подготовка за инспекциски надзор –15 бодови

-спроведување на инспекциски надзор- 30 бодови

-затворање на инспекциски надзор – 30 бодови

-документирање на инспекциски надзор – 15 бодови

Комисијата констатираше дека кандидатот Горан Јошевски го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 90 бодови.

Лицето Горан Јошевски се изјасни дека бара лиценцата да му биде издадена на образец А.

Практичниот испит за инспектор траеше од 12:00 до 14 часот.

Комисија за полагање на

Практичен испит за инспектор

1. Богданка Милошевиќ Мучева ____________

2. Сашо Илијовски ____________

3.Велимир Лозановски ____________

4. Ресул Шемо ____________